Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 30/2016, 67/2017 и 64/2018 година министерот за образование донесе скаратена **модуларна наставна програма** по наставниот предмет Г**еографија за I (прва) година на средното стручно четиригодишно образование (угостителско – туристича струка)** во учебната 2020/21 година.

## 1. Вовед

Скратената модуларна наставна програма по наставниот предмет **Географија** за **I (прва) година на средното стручно четиригодишно образование (угостителско – туристича струка)** се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета модуларна програма се утврдуваат определени модуларни единици и наставни содржини што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се почитува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за наставен предмет со 2 часа неделно се предвидуваат 64 часа во скратената програма.

Наставникот при планирањето и реализацијата на модуларните единици и содржини од скратената програма се води од целите, очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на модуларните единици и наставни содржини

Во скратената модуларна наставна програма предвидени се четири модуларни единици со 37 часа за нови наставн содржини и 27 часа за повторување, утврдување и систематизација на постигањата.

### Модуларна единица/тема

**I. Модуларна единица: ГЕОГРАФСКИ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМ (5+4 ) часа**

**Наставни содржини:**

- Вовед и елементи во ГИС;
- Елелементи во ГИС;
- Читање на географска карта;
- Читање на дигитална географска карта;
- Читање на дигитален географски атлас.

## II. Модуларна единица: РЕГИОНАЛНИ И ФИЗИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЗЕМЈАТА (11+8) часа

### Наставни содржини:

- Географска положба, граници и брегова разгранетост на континентите;
- Релјефни контрасти на Земјата;
- Екстремни климатски појави на Земјата;
- Нееднаква распределба на слатката вода на Земјата;
- Загадување на животната средина акутен проблем на човештвото;
- Пренаселеноста,проблем на голем број земји во светот;
- Енергетски потреби и проблеми на Земјата;
- Глобализацијата како светски проблем;
- Сообраќајот во светот;
- Трговијата во светот;
- Туризмот во светот.

## III. Модуларна единица: ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕВРОПА (11+8 ) часа

### Наставни содржини:

- Географска положба, граници и брегова разгранетост;
- Релјефни карактеристики;
- Клима;
- Вегетација;
- Хидрографија;
- Население и населби;
- Рудни богатства и енергетски извори;
- Економски карактеристики на Европа;
- Сообраќај во Европа;
- Трговија;
- Туризам.

## IV. Модуларна единица: ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА Р. МАКЕДОНИЈА (10+7) часа

### Наставни содржини:

- Географска положба, граници и големина на Р. Македонија;
- Релјеф;
- Климатски карактеристики;
- Хидрографија;
- Растителен и животински свет;
- Население и населби;
- Земјоделство и земјоделски гранки;
- Енергетски извори и рудно богатство
- Индустрија;
- Услужни дејности (сообраќај, трговија и туриза

### 3. Дидактички препораки

Планирањето на наставата по предметот географија за I година средно стручно четиригодишно образование во оваа (скратена) верзија опфаќа програмски содржини од IV модуларни единици од редовната наставна модуларна програма. За секоја модуларна единица предвидени се одреден број на часови со цел да се изучат најважните содржина од скратената наставната програма по географија за I година средно стручно четиригодишно образование и истата да се реализира за 64 наставни часа, во траење од 159 работни дена.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената модуларна програма се води од целите, очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна Iпрограма, но за истите се поставуваат различни по нивоа прашања и задачи водејќи се од предлог - активностите и дополнувајќи ги истите според потребите на учениците во класот.

Во модуларната наставната програма е дадено предлог за планирање на наставните часови и реализација на наставните модуларни единици. Сепак, наставниот кадар треба самостојно да го планира фондот на часови за целосно и успешно реализирање на целите поставени во модуларната програма. Со оглед на тоа што, составот на учениците во класот е

хетероген, наставникот треба да практикува диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на реализацијата на наставата. Ваквиот приод е во функција на индивидуалните специфични потреби на секој ученик и развивање на индивидуалните потенцијали и постигнувања.

Во скратена модуларна програма по предметот географија за I година средно стручно четиригодишно образование некои содржини се изоставени, прескокнати или скратени, додека други се надоврзуваат. Најчесто тие се содржини со кои учениците се сретнале во изминатите години или пак ќе се сретнат во иднина. Ова е направено со цел непречено да се реализира оваа скратена програма.

Се препорачува користење на следниве наставни средства:
- учебник избран на ниво на училиште за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- други извори на учење во непосредната околина – објекти и појави во природата;
- енциклопедии, атласи и сл.;
- Интернет, образовни софтвери;
- списанија;
- аудио-визуелни средства.

Современата дидактичка технологија во наставата по географија покрај користењето на разни географски карти, дава исклучителни можности за користење на компјутерот, односно широка примена на геоинформатиката во наставата по географија. Исто така, во наставата може да се користат и немите карти, географска читанка, прирачник за наставата и др. Усвоените нови поими ќе претставуват надоградување и проширување на веќе стекнатите поими. Интерпретацијата и описите од страна на учениците неопходно е да бидат поттикнувани од стрна на наставникот на начин кој одговара на индивидуалните карактеристики на ученикот. Изразувањето може да биде и преку: говор, есеј, илустративни методи, изработки на шеми, графикони итн. Употребата на имиња и цифрени податоци треба да биде сведена на разумно ниво. Во текот на наставата редовно се следат и се вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Се препорачува да се користат следниве начини за следење, проверување и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми: усно, писмено, практично (обиди, вежби сл.), работа во групи, учество во истражување и презентација.

4. **Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната модуларна настава програма.

Скратената модуларна наствна програма по наставниот предмет **Географија** за **I (прва) година** на средното стручно четиригодишно образование (угоститесло-туристичка струка) за учебната 2020/21 година ја утврди

**Арх. Бр. 13-9335/17**

**16.9.2020 година**

**Министер за образование и наука,**

**Мила Царовска**